// # СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 54/2017 Пробиштип 01.02.2017 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

## *Р Е Ш Е Н И Е*
## *За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип*

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.54 одржана на ден 31.01.2017 година, во Службен гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за усвојување на кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за периодот од 01.01.2016 година до 31.12.2016 година бр.26-62/3;
2. Одлука за усвојување на извештајот за реализиран попис на постојните средства, ситниот инвентар, материјалите, побарувањата, обврските, хартиите од вредност и паричните средства на жиро сметките и благајната на општина Пробиштип за 2016 година со состојба на 31.12.2016 година бр.26-62/4;
3. Согласност на годишниот план за вработување за 2017 година на ООУ „Никола Карев“ - Пробиштип бр.26-62/5;
4. Согласност на годишниот план за вработување за 2017 година на ООУ „Браќа Миладиновци“ - Пробиштип бр.26-62/6;
5. Согласност на годишниот план за вработување за 2017 година на СОУ „Наум Наумовски - Борче“ - Пробиштип бр.26-62/7;
6. Одлука за усвојување на извештајот за работа на ТППЕ – Пробиштип за периодот од 01.01.2016 година до 31.12.2016 година бр.26-62/8;
7. Одлука за давање согласност на Програмата за работа и развој на ЈКП „Никола Карев“ – Пробиштип за 2017 година бр.26-62/9;
8. Одлука за давање согласност на Финансовиот план со План за јавнни набавки на ЈКП „Никола Карев“ – Пробиштип за 2017 година бр.26-62/10;
9. Одлука за усвојување на предлог План за запишување ученици во прва година за учебната 2017/2018 година во СОУ „Наум Наумовски – Борче“ од Пробиштип бр.26-62/11;
10. Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на водата за пиење за с.Кундино бр.26-62/12;
11. Извештај за реализација на Програмата за изградба и одржување на локалните патишта и улици за 2016 година бр.26-62/13;
12. Одлука за утврдување локации за собирање и нештетно отстранување на животински мрши и нус производи од животинско потекло на угината живина од болеста авијарна инфлуенца бр.26-62/14.

II. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

***Број 08-62/16***
***01.02.2017 година***
***ПРОБИШТИП***

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА***
***ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***Тони Тоневски с.р.***

Врз основа на член 36, став 1, точка 7 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002) и член 32, став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.61/2004, 96/04, 67/07 и 156/09 и 47/11), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 31.01.2017 година, ја донесе следната :

***О Д Л У К А***

***За усвојување на кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за периодот од 01.01.2016 година до 31.12.2016 година***

**Член 1**

Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за периодот од 01.01.2016 година до 31.12.2016 година.

**Член 2**

Планираните и остварени приходи односно извршените расходи по видови се искажани во билансот на приходите и расходите и се составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

***Број 26-62/3*** — ***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***31.01.2017 година*** — ***ПРЕТСЕДАТЕЛ***
***ПРОБИШТИП*** — ***Ранко Давитков с.р.***

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005), а во врска со член 21 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници (Службен Весник на РМ бр.61/2002, бр.98/2002 , бр.81/05 и бр.24/11) и согласно со одредбите од член 29 и 35 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници (Службен Весник на РМ бр.28/03, 62/06, 8/09, 175/11 и 101/13 ) како и врз основа на Правилникот за попис на општина Пробиштип, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на 31.01.2017 година ја усвои следната:

***О Д Л У К А***

***за усвојување на Извештајот од реализиран попис на постојните средства, ситниот инвентар, материјалите, побарувањата, обврските, хартии од вредност и парични средства на жиро сметките и благајната на општина Пробиштип за 2016 година со состојба на ден 31.12.2016 година***

**Член 1**

Се усвојува Извештајот од реализиран попис на постојните средства, ситниот инвентар, материјалите, побарувањата, обврските, хартии од вредност и парични средства на жиро сметките и благајната на општина Пробиштип во 2016 година со состојба на ден 31.12.2016 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Извештајот од реализиран попис на постојните средства, ситниот инвентар, материјалите, побарувањата, обврските, хартии од вредност и парични средства на жиро сметките и благајната на општина Пробиштип во 2016 година со состојба на ден 31.12.2016 година.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

***Број 26-62/4*** — ***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***31.01.2017 година*** — ***ПРЕТСЕДАТЕЛ***
***ПРОБИШТИП*** — ***Ранко Давитков с.р.***

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 20-б, став 7 и 8, а врз основа на член 20-а, став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен ваесник на РМ бр.27/14, 199/14 и 27/16), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 31.01.2017 година, постапувајќи по Барањето поднесено од ООУ„Никола Карев“ од Пробиштип бр.04-52/1 од 23.01.2017 година, наш бр.26-53/1 од 23.01.2017 година, ја даде следната:

**С О Г Л А С Н О С Т**
**за на Годишниот план за вработување за 2017 година во ООУ „Никола Карев“ - Пробиштип**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишниот план за вработување за 2017 година во ООУ „Никола Карев“ - Пробиштип.

**Член 2**

Составен дел на оваа Согласност е Годишниот план за вработување за 2017 година во ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип бр.04-52/1 од 23.01.2017 година, наш бр.26-53/1 од 23.01.2017 година.

**Член 3**

Согласноста стапува на сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

***Број 26-62/5*** — ***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***31.01.2017 година*** — ***ПРЕТСЕДАТЕЛ***
***ПРОБИШТИП*** — ***Ранко Давитков с.р.***

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 20-б, став 7 и 8, а врз основа на член 20-а, став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен ваесник на РМ бр.27/14, 199/14 и 27/16), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 31.01.2017 година, постапувајќи по Барањето поднесено од ООУ„Браќа Миладиновци“ од Пробиштип бр.04-52/1 од 23.01.2017 година, наш бр.26-53/1 од 23.01.2017 година, ја даде следната:

**С О Г Л А С Н О С Т**
**за на Годишниот план за вработување за 2017 година во ООУ „Браќа Миладиновци“ - Пробиштип**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишниот план за вработување за 2017 година во ООУ „Браќа Миладиновци“ - Пробиштип.

**Член 2**

Составен дел на оваа Согласност е Годишниот план за вработување за 2017 година во ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип бр.04-52/1 од 23.01.2017 година, наш бр.26-53/1 од 23.01.2017 година.

**Член 3**

Согласноста стапува на сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

***Број 26-62/6*** — ***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***31.01.2017 година*** — ***ПРЕТСЕДАТЕЛ***
***ПРОБИШТИП*** — ***Ранко Давитков с.р.***

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 20-б, став 7 и 8, а врз основа на член 20-а, став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен ваесник на РМ бр.27/14, 199/14 и 27/16), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 31.01.2017 година, постапувајќи по Барањето поднесено од СОУ„Наум Наумовски - Борче“ од Пробиштип бр.03-29/1 од 23.01.2017 година, наш бр.26-53/1 од 23.01.2017 година, ја даде следната:

**С О Г Л А С Н О С Т**
**за на Годишниот план за вработување за 2017 година во СОУ „Наум Наумовски - Борче“ - Пробиштип**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишниот план за вработување за 2017 година во СОУ „Наум Наумовски - Борче“ - Пробиштип.

**Член 2**

Составен дел на оваа Согласност е Годишниот план за вработување за 2017 година во СОУ „Наум Наумовски - Борче“ од Пробиштип бр.03-29/1 од 23.01.2017 година, наш бр.26-53/1 од 23.01.2017 година.

**Член 3**

Согласноста стапува на сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

***Број 26-62/7*** — ***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***31.01.2017 година*** — ***ПРЕТСЕДАТЕЛ***
***ПРОБИШТИП*** — ***Ранко Давитков с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Сл.Гласник на општина Пробиштип 4/2005) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 31.01.2017 година, ја донесе следната :

***О Д Л У К А***
***за усвојување на Извештај за работата на Територијалната противпожарна единица Пробиштип за периодот од 01.01.2016 година до 31.12.2016 година***

**Член 1**

**Се усвојува** Извештајот за работата на територијалната противпожарна единица Пробиштип за периодот од 01.01.2016 година до 31.12.2016 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за работата на територијалната противпожарна единица Пробиштип за периодот од 01.01.2016 година до 31.12.2016 година.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

***Број 26-62/8*** — ***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***31.01.2017 година*** — ***ПРЕТСЕДАТЕЛ***
***ПРОБИШТИП*** — ***Ранко Давитков с.р.***

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 8/09, 97/10 и 6/12) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 31.01.2017 година, расправајќи по Програмата за работа бр.01-955/1 од 23.12.2016 година, ја донесе следната:

***О Д Л У К А***
***за давање согласност на Програмата за работа и развој на ЈКП „Никола Карев“ - Пробиштип за 2017 година***

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Програмата за работа и развој на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2017 година, усвоен со Одлука на УО бр.02-969/1 од 27.12.2016 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Програмата за работа и развој на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2017 година бр.01-955/1 од 23.12.2016 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

***Број 26-62/9*** — ***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***31.01.2017 година*** — ***ПРЕТСЕДАТЕЛ***
***ПРОБИШТИП*** — ***Ранко Давитков с.р.***

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 11 став 1, точка 7 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 8/09, 97/10 и 6/12) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 31.01.2017 година, расправајќи по Финансовиот план бр. 05-959/1 од 23.12.2016 година на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2016 година, ја донесе следната:

***О Д Л У К А***

***за давање согласност на Финансовиот план со План за јавни набавки на ЈКП „Никола Карев“ - Пробиштип за 2017 година***

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Финансовиот план со План за јавни набавки на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2017 година, усвоен со Одлука на УО бр.02-970/1 од 27.12.2016 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Финансовиот план бр. 05-9959/1 од 23.12.2016 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

***Број 26-62/10*** — ***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***31.01.2017 година*** — ***ПРЕТСЕДАТЕЛ***
***ПРОБИШТИП*** — ***Ранко Давитков с.р.***

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 8/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14 и 138/14) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 31.01.2017 година, ја донесе следната:

***О Д Л У К А***

***за давање Согласност на Одлуката за утврдување на цената на водата за пиење за с.Кундино***

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за утврдување на цената на водата за пиење за с.Кундино, усвоена со Одлука на УО бр.02-973/1 од 27.12.2016 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Согласност е Одлуката за утврдување на цената на водата за пиење за с.Ратавица, усвоена со Одлука на УО бр.02-973/1 од 27.12.2016 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

***Број 26-62/12*** — ***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***31.01.2017 година*** — ***ПРЕТСЕДАТЕЛ***
***ПРОБИШТИП*** — ***Ранко Давитков с.р.***

---

Врз основа на член 36став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа ( Сл. Весник на РМ бр 5/2002) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на општина Пробиштип( Сл. Гласник на општина Пробиштип бр 4/2005), Советот на општина Пробиштип, на седницата одржана на 31.01.2017 година, го донесе следниот:

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ЗА 2016 ГОДИНА**

Реализацијата на Програмата за изградба и одржување на локалните патишта и улици на територијата на општина Пробиштип во 2016 година се одвиваше согласно со расположивите средства за таа намена .

Од буџетот на РМ на Општина Пробиштип се исплатени 2 643 585 денари преку Јавното претпријатие за државни патишта со намена изградба и одржување на патишта во општината .

Од проектни документации во 2016 година се изработи основен проект за изградба на улици во урбан блок 7.5.

Планираната реконструкција на дел од улицата Гоце Делчев со должина од 133м во 2016 година не се реализира, но одобрени се средства преку Министерството за финансии и во тек е постапката која е неопходна за реализација на проектот . Ќе се реализира во 2017 година

Со реализација на проектот реконструкција на улицата Тодор Александров се изврши поправка на тротоарите , паркинг простор и дислокација на водоводната линија на работениот потег од 270м целосно со сопствени средства на општината.

За улицата 11-ти Октомври се одобрени средства преку ЕУ ИПА Грант за рурална инфраструктура преку Министерство за финансии и проектот почна да се реализира во 2016 година , а целосното завршување ќе биде во 2017 година.

Проектот реконструкција на раскрсница на улиците јаким Стојковски и Јордан Стојанов се реализираше со средства од заемот од Светска Банка преку Министерство за финансии.

За реализација на проектот пат до нм Јамиште преку Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој се добиени 3 000 000 денари и дел со сопствено учество на општината од 668 475 ден се поставени пропусти за атмосверска вода и канали на патот . За целосна изградба бна патот потребно е да се обезбедат дополнителни средства.

За проектот изградба на мост на Злетовска Река се добиени средства преку Источен плански регион од програмата за финансиска поддршка на руралниот развој и тоа 2 882 493 денари, а остатокот од вкупното чинење 4 500 120 денари се сопствени средства од Општина Пробиштип.

Во тек е реализацијата на предвидената пешачка и велосипедска патека на улица Миро Барага согласно постапката спроведена во 2016 год.

За останатите предвидени работи со програмата каде не се дадени вредности не се обезбедени средства и истите не се реализирани.

Реализацијата на планираните активности во 2016 година ќе се согледа од табелата:

| рб | планирани активности | Планирани средства | | Реализирано | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | буџет | Донација + друго | буџет | Донација + друго |
| | **Јд изградба на локални патишта и улици** | | | | |
| 1 | Плаќање на обврски према изведувачи од претходни години | 16 000 000 | 0 | 9 452 234 | 0 |
| 2 | Реконструкција на дел од улица Гоце Делчев со должина 133м заедно со атмосверска канализација и тротоари | 0 | 3 060 000 | 0 | 0 |
| 3 | Реконструкција на улица 11-ти Октомври л=260м | 0 | 4 700 000 | 0 | 0 |
| 4 | Реконструкција на дел од улица Тодор Александров л=350м | 5 600 000 | 2 600 000 | 5 451 978 | 0 |
| 5 | Асфалтирање на неколку улици во Ратавица | 0 | 4 000 000 | 0 | 0 |
| 6 | Изработка на проектна документација за улици, елаборати за експропријација , надзор и ревизија на проекти | 1 100 000 | 0 | 1 195 000 | 0 |
| 7 | Реконструкција на раскрсница на улица Јаким Стојковски со Јордан Стојанов | 0 | 3 300 000 | 0 | 3 196 822 |
| 8 | Изградба на улици во населба Камењар | 27 000 000 | 0 | 26 487 042 | 0 |
| 9 | Реконструкција на улица кон старо Калниште | 5 000 000 | 0 | 0 | 0 |
| 10 | Реконструкција на улица Јосиф Даскалот и други придружни улици кон неа | 7 500 000 | 0 | 6 430 682 | 0 |
| 11 | Доградба на улица во индустериска зона урб.блок 12.1 | 700 000 | 0 | 855 390 | 0 |
| 12 | Реконструкција на улица Црн Врв | 1 300 000 | 0 | 0 | 0 |
| 13 | Реконструкција на улица Славко Баев | 1 250 000 | 0 | 0 | 0 |
| 14 | Изградба на дел од улица Ливашница | 1 000 000 | 0 | 1 078 820 | 0 |
| 15 | Тампонирање на улици во општината | 2 880 000 | 0 | 981 253 | 0 |
| 16 | Изградба на пат за нм Јамиште | 1 000 000 | 20 000 000 | 668 475 | 3 000 000 |
| 17 | Изградба н а мост на Злетовска Река | 1 620 000 | 2 883 000 | 1 617 627 | 2 882 493 |
| 18 | Реконструкција на Римски мост во нм Шталковица | 0 | 200 000 | 0 | 0 |
| 19 | Изградба на неколку улици во Злетово | 3 000 000 | 0 | 0 | 0 |
| 20 | Изградба на сервисни улици во урбан блок 7.5 | 3 000 000 | 0 | 0 | 0 |
| 21 | Поплочување на неколку улици во Барбаревско Маало | 1 700 000 | 0 | 0 | 0 |
| 22 | Изградба на тротоари на улица Страшо Пинџур со должина 180м | 430 000 | 0 | 335 000 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 23 | Изградба на тротоари на дел од улица Кочо Рацин со должина 100м | 390 000 | 0 | 311 312 | 0 |
| 24 | Изградба на пешачка и велосипедска патека на улица Миро Барага | 5 200 000 | 0 | 0 | 0 |
| 25 | Асфалтирање на неколку улички во населба Пробиштип | 3 200 000 | 0 | 0 | 0 |
| 26 | Асфалтирање на неколку улички во населба Калниште | 2 700 000 | 0 | 4 315 079 | 0 |
| | | **91 870 000** | **40 743 000** | **59 179 892** | **9 079 315** |
| | **вкупно Јд** | **132 613 000** | | **68 259 207** | |
| | **Јф Изградба на простор за паркирање** | | | | |
| 1 | Изградба на паркинг простор на улица ХТ Карпош | 1 000 000 | 0 | 1 066 596 | 0 |
| | **Вкупно Јф** | **1 000 000** | **0** | **1 066 596** | **0** |
| | | **1 000 000** | | **1 066 596** | |
| | **Ј6. Одржување и заштита на локалните патишта и улици, како и нивно одржување во зимски услови** | | | | |
| 1 | Тековно одржување на улиците и патиштата | 1 000 000 | 0 | 1 311 000 | 0 |
| 2 | Чистење на снег од патиштата и уличната мрежа, како и фрлање на абразивни средства во зимски услови | 1 000 000 | 0 | 315 000 | 0 |
| | | **2 000 000** | **0** | **1 626 000** | **0** |
| | **Вкупно Ј6** | **2 000 000** | | **1 626 000** | |
| | **Јф Изработка на сообраќајна сигнализација** | | | | |
| 1 | Обележување на поважните улици во градот | 200 000 | 0 | 294 162 | 0 |
| 2 | Набавка и поставување на табли со називи на улиците и афирмативни табли за општината | 100 000 | 0 | 0 | 0 |
| | | **300 000** | **0** | **0** | **0** |
| | **Вкупно Јф** | **300 000** | | **294 162** | |

***Број 26-62/13*** ***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***31.01.2017 година*** ***ПРЕТСЕДАТЕЛ***
***ПРОБИШТИП*** ***Ранко Давитков с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.5/2005) а во врска со член 6 став 5 од Законот за нус производи од животинско потекло (Службен Весник на Република Македонија бр. 113/07, 144/14, 149/15 и 53/16) , Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 31.01.2017 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За утврдување на локации за собирање и нештетно отстранување на животнски мрши и нус производи од животнско потекло на угината живина од болеста авијарна инфлуенца**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува локации за собирање и нештетно отстранување на животнски мрши и нус производи од животнско потекло на угината живина од болеста авијарна инфлуенца (птичји грип) на територијата на Општина Пробиштип.

**Член 2**

Локација за собирање и нештетно отстранување на животнски мрши и нус производи од животнско потекло на угината живина од болеста авијарна инфлуенца на територијата на општина Пробиштип се утврдува постојната депонија ,,Озрен,, .

**Член 3**

Ископ на јами за депонирање на угинатата живина е обврска на Општина Пробиштип а транспортот и закопувањето ќе го врши Јавното комунално претпријатие Никола Карев од Пробиштип под услови и начин утврдени со закон, во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство и овластен ветринарен инспектор од страна на Агенцијата.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила со донесувањето а ќе се објави во Службен Гласник на Општина пробиштип.

***Број 26-62/14*** — ***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***31.01.2017 година*** — ***ПРЕТСЕДАТЕЛ***
***ПРОБИШТИП*** — ***Ранко Давитков с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ 5/2002) и член 21 став 1 точка 44 од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр.4/2005), Советот на општина Пробиштип расправајќи по предлог - планот на СОУ "Наум Наумовски – Борче" од Пробиштип за запишување на ученици во прва година за учебната 2017/2018 година, на седницата одржана на ден 31.01.2017 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на предлог-План за запишување ученици во прва година за учебната 2017/2018 година во СОУ „НАУМ НАУМОВСКИ - БОРЧЕ" од Пробиштип**

**Член 1**

**Се усвојува** предлог Планот за запишување на учениците во учебната 2017/2018 година во СОУ „Наум Наумовски Борче" Пробиштип, со следните образовни струки и образовни профили:

| Вид на образование | | Предлог за учебната 2015/2016 година | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно паралелки (5+7+9+11) | Вкупно ученици (6+8+10+12) | Паралелки на мак. наставен јазик | Ученици на македон. наставен јазик | Паралелки на албан. наставен јазик | Ученици на албан. наставен јазик | Паралелки на турски наставен јазик | Ученици на турски наставен јазик | Паралелки на српски наставен јазик | Ученици на српски наставен јазик |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| **а) Гимназиско образование-вкупно:** | | **3** | **102** | **3** | **102** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **б) Стручно образование** (во четиригодишно траење)**-вкупно:** | | **4** | **136** | **4** | **136** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| струка | образовен профил | | | | | | | | | | |
| геолошко-рударска и металуршка | геолошко-рударски техничар | 1 | 34 | 1 | 34 | | | | | | |
| машинска | машински техничар/ машинско-енергетски техничар | 1 | 34 | 1 | 34 | | | | | | |
| машинска | техничар закомпјутерско управување | | | | | | | | | | |
| спортска гимназија | спортска гимназија | 1 | 34 | 1 | 34 | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **в) Стручно образование** (во тригодишно траење)-**вкупно:** | | **0** | **0** | **0** | **0** | | | | | | |
| струка | образовен профил | | | | | | | | | | |
| машинска | бравар/автомеханичар (реформиран наставен план и програми) | | | | | | | | | | |
| геолошко-рударска и металуршка | Ракувач со рударски машини (реформиран наставен план и програми) | | | | | | | | | | |
| **Вкупно (а+б+в):** | | **7** | **238** | **7** | **238** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

***Број 26-62/11***
***31.01.2017 година***
***ПРОБИШТИП***

***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***ПРЕТСЕДАТЕЛ***
***Ранко Давитков с.р.***